Центарот за култура, комуникација и едукација на Ромите „Светла иднина“ од Кочани е **победник** во финалето од **Квизот на знаење** на **Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ)**, кое се одржа на **25 август 2021г**. во хотел Белви во Скопје. Здружението ја освои главната награда, финансиска поддршка од 2.000 евра за спроведување на проектната идеја со која се пријавија на квизот.



„Победата е уште една потврда за знаењето со кое располага нашата организација на теми како развивање проектна идеа и подготвување проектна апликација, мобилизирање ресурси, добро управување итн. Наградата што ја освоивме ќе ја искористиме за организациски развој и надоградување на нашите капацитети“, вели Мустафа Саидов од „Светла иднина“.

**Второто место** му припадна на здружението на граѓани „АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ – Скопје, а **третата позиција** ја освои тимот на Асоцијацијата на советници за развој на кариера – АСК, исто така од Скопје. Двете организации добија грант од по 1.000 евра за организациски развој.

Дел од натпреварувачите изразија благодарност за можноста на овој начин да го покажат знаењето, но и да си го потврдат. Тие истакнаа дека покрај тоа што им било многу интересно, во целиот процес научиле многу нови работи.

Во финалето на Квизот на ГРЦ се пласираа најдобрите 11 организации од прелиминарната фаза. Вкупно 20 финалисти одговараа на прашања на теми од големо значење за одржливо, ефективно и отчетно работење на граѓанските организации. Финалето се спроведе во три регуларни круга и една сесија со бонус прашања, со која беа одредени победниците.


ПРАШАЊЕ 4
01 00